# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ



| | |
|---|---|
| ”Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” Излегува по потреба | 02. Март.2006 год. Скопје Бр. 2 Год. I |




www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com


“ задолжителен примерок“

**Скопје Март 2006 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен весник на РМ бр.5 /02 ) и член 47 став 1 точка 3 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Град Скопје бр.10/2003), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Мислење за основање на Урбана заедница Хром**

Се објавува Мислењето за основање на Урбана заедница Хром, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Седумнаесеттата Седница на Советот, одржана на ден 27.02.2006 година.

**Број 08- 479/1**
**02.03. 2006 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски**

**Врз основа на член 82 од Законот за локална самоуправа (*Службен Весник на РМ* број 5/2000), како и член 84,85,86,87 и 88 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (*Службен Гласник на Град Скопје* број 10/2003), Советот на Општина Ѓорче Петров на 17-тата Седница одржана на ден 27.02.2006 година, донесе**

**М И С Л Е Њ Е**
**За основање на Урбана заедница Хром**

1. **Советот на Општина Ѓорче Петров го разгледа Барањето согласност за формирање Урбана Заедница Хром, поднесено од Иницијативниот одбор за основање и констатира дека, согласно член 82 (Основање облици на месна самоуправа) од Законот за локална самоуправа (*Службен Весник на РМ* бр.5/2000), како и член 86 и член 88 став 1 од Статутот на Општината (*Службен Гласник на Град Скопје* бр.10/2003), исполнети се условите за основање на Урбана Заедница Хром.**

2. **Советот на Општина Ѓорче Петров ја подржува иницијативата на Иницијативниот одбор и дава позитивно мислење за основање на Урбана Заедница Хром.**

3. **Во постапката за основање, Иницијативниот одбор за основање на У.З.Хром да ги почитува одредбите од Статутот на Општината за основање,посебно член 88 став 3 и 4, каде стои дека Одлука за основање на урбана, односно месна заедница се донесува ако на Собирот присуствуваат најмалку 10% од граѓаните кои живеат на подрачјето за кое се предлага основање на урбана,односно месна заедница, а Одлуката за основање е донесена ако за неа гласале мнозинство од присутните граѓани.**

4. **Ова мислење ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров***

**Број 07-417/3**
**од 27.02.2006 година**
**С к о п ј е**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**П р е т с е д а в а ч**
**Харалампије Анѓелковски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен весник на РМ бр.5 /02 ) и член 47 став 1 точка 3 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Град Скопје бр.10/2003), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Мислење за основање на Месна заедница Никиштани**

Се објавува Мислењето за основање на Месна заедница Никиштане , што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Седумнаесеттата Седница на Советот, одржана на ден 27.02.2006 година.

**Број 08-479/2**
**02.03.2006 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски**

Врз основа на член 82 од Законот за локална самоуправа (*Службен Весник на РМ* број 5/2000), како и член 84,85,86,87 и 88 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (*Службен Гласник на Град Скопје* број 10/2003), Советот на Општина Ѓорче Петров на 17-тата Седница одржана на ден 27.02.2006 година, донесе

**М И С Л Е Њ Е**
**За Основање на Месна заедница во село Никиштани**

1. Советот на Општина Ѓорче Петров го разгледа Барањето мислење за основање на Месна Заедница во село Никиштани, поднесено од Иницијативниот одбор за основање и констатира дека, согласно член 82 (Основање облици на месна самоуправа) од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр.5/0), како и член 86 и член 88 став 1 од Статутот на Општината(*Службен Гласник на Град Скопје* бр.10/03), исполнети се условите за основање на Месна заедница Никиштани .

2. Советот на Општина Ѓорче Петров ја подржува иницијативата на Иницијативниот одбор и дава позитивно мислење за основање на Месна Заедница Никиштани.

3. Во постапката за основање, Иницијативниот одбор за основање на Месна заедница Никиштани, да ги почитува одредбите од Статутот на Општината за основање,посебно член 88 став 3 и 4 ,каде стои дека Одлука за основање на урбана,односно месна заедница се донесува ако на Собирот присуствуваат најмалку 10% од граѓаните кои живеат на подрачјето за кое се предлага основање на урбана,односно месна заедница, а Одлуката за основање е донесена ако за неа гласале мнозинство од присутните граѓани.

4. Ова мислење ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*

Број 07-417/4
од 27.02.2006 година
С к о п ј е

СОВЕТ НА ОПШТИНА
ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
П р е т с е д а в а ч
Харалампије Анѓелковски,с.р.

# Содржина

## Општина Ѓорче Петров

**1. МИСЛЕЊЕ за основање на урбана заедница Хром...........стр. 2**

**2. МИСЛЕЊЕ за основање на Месна Заедница во село Никиштани.......................................................................................стр. 4**

Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за норматива ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци